Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

Бр. 05-566/3
Скопје, 20-04-2022 година

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАБАВКИ ПОД ВРЕДНОСНИТЕ ПРАГОВИ УТВРДЕНИ ВО ЧЛЕН 40 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk

**Цел на процесот:** Со оваа процедура се опишува начинот и постапката при спроведување на набавки под вредносни прагови утврдени во член 40 од Законот за јавни набавки, поточно се дефинираат дејствијата и одговорностите на вработените во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите кои се вклучени и инволвирани во овој процес, се со цел да се обезбеди законито, ефикасно, конкурентно, тренспарентно и рационално искористување на средствата при обезбедување на стоки, услуги и работи за остварување на функциите и поставените цели на Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите. Овие набавки не се планираат во Годишниот план за јавни набавки и истите произлегуваат како резултат на одделни тековно оперативни активности.

Согласно оваа процедура се спроведуваат набавките чија вредност е под вредносните прагови од:

- 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение;
- 5.000 евра во денарска противвредност за работи и
- 10.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги.

Вкупната вредност на набавките под вредносни прагови од член 40 став 1 од Законот за јавни набавки не смее да надмине износ од 12.000 евра во денарска противвредност во тековната година, а и износот предвиден за набавките на стоки, услуги, работи, посебни услуги, не смее да се надмине за набавки од ист вид. Раководителот на Организациската единица за финансиски работи во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите – Сектор за финансиски прашања ги следи овие набавки до утврдениот годишен лимит од 12.000 евра во денарска противвредност, води евиденција за истите и го известува директорот (одговорното лице).

**Опфат:**

Со оваа процедура се уредува подготовката и начинот на постапување при спроведување на набавки под вредносни прагови утврдени во член 40 од Законот за јавни набавки во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите и тоа:

- Надлежности и обврски на Организациската единица за финансиски работи во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите – Сектор за финансиски прашања.


Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk

- Надлежности и обврски на Организациската единица за јавни набавки во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите – Одделение за јавни набавки.
- Надлежности и обврски на Одговорното лице во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите – Директор.
- Надлежности и обврски на Организациските единици и сите останати вработени лица кои се инволвирани во овој процес во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите

**Тек на работа**

- **Хронолошки активности**
- **Инволвирани вработени**
  - Директор
  - Раководители на сектори
  - Раководители на одделенија
  - Сите останати вработени лица кои непосредно вршат примена на оваа постапка.

## ПРАВИЛА ЗА ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЦЕДУРАТА

1. Општи одредби

Набавки чија проценета вредност без ДДВ е помала од вредносните прагови за примена на законот утврдени во член 40 став 1 од законот, се спроведуваат на начин кој е утврден со оваа процедура.

2. Реализација на потребата од набавка

Раководителот на организациската единица во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите која има потреба од набавка чија проценета вредност без ДДВ е помала од вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од законот, поднесува Барање за набавка под праговите утврдени во член 40 став 1 од ЗЈН Образец (Прилог бр.1).

Барањето за набавка под праговите утврдени во член 40 став 1 од ЗЈН задолжително треба да содржи:

- архивски број и датум на поднесувањето;
- вид, опис и количина на набавката;
- итност на барањето;
- образложение на потребата;
- проценета вредност на набавката без ДДВ, процент и износ на ДДВ.

Барање за набавка Образец (Прилог бр.1) се доставува до Организациската единица за финансиски работи – Сектор за финансиски прашања за потврдување и потпишување како согласни на пополнетиот Образец дека има слободен износ на средства од буџетот и може да бидат превземени финансиски обврски. Оваа барање за набавка Образец (Прилог бр.1) се доставува и до Организациската единица за јавни набавки – Одделение за јавни набавки за потврдување и потпишување како согласни на пополнетиот Образец за исполнетоста на условите за спроведување на ваков вид на набавки под вредносни прагови од член 40 став 1 од ЗЈН и утврдување дали претходно во тековната година во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите има спроведено набавка со истоветен предмет на набавка.

По потпишување на Барањето за набавка Образец (Прилог бр.1) од страна на Организациската единица за финансиски работи – Сектор за финансиски прашања и Организациската единица за јавни набавки – Одделение за јавни набавки службено лице определено од страна на Организациската единица за јавни набавки – Одделение за јавни набавки доставува Барање за реализација на набавка под праговите утврдени во член 40 став 1 од ЗЈН до Одговорното лице во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите – Директор Образец (Прилог бр.2) за одобрување кое е составен дел на оваа процедура.

За одобреното/неодобреното Барање за реализација на набавка Образецот (Прилог бр.2), службеното лице по електронски пат го известува раководителот на Организациската единица – барател на набавката, за продолжување или запирање на реализацијата на набавката.

Одобреното Барање за реализација на набавка Образецот (Прилог бр.2) се реализира во согласност со оваа процедура и со почитување на начелата на

економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

По реализација на набавката и комплетирањето на потребната документација, Организациската единица за финансиски работи – Сектор за финансиски прашања е должна да води посебна евиденција на Барањата за набавки кои се реализираат во согласност со оваа процедура.

Евиденцијата на Барањата за набавки се води на дневна, месечна, квартална и годишна основа и веднаш се известува одговорното лице (Директор) на Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите кога вредноста на реализираните и резервираните набавки, во согласност со оваа процедура, се доближи до 10.000 евра во денарска противвредност во тековната година.

Организациската единица за финансиски работи – Сектор за финансиски прашања е должна набавките реализирани во согласност со оваа преоцедура да ги внесе во кварталната евиденција на ЕСЈН. Вкупната вредност на набавките од став 1 на оваа точка не смее да надмине 12.000 евра во денарска противвредност во тековната година.

| Набавки чија вредност е под вредносните прагови утврдени во член 40 од ЗЈН | **Запис** | **Достава** |
|---|---|---|
| - До 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение; | - Барање за набавка под праговите утврдени во член 40 став 1 од ЗЈН Образец (Прилог бр.1). | - Организациска единица за финансиски работи – Сектор за финансиски прашања и<br><br>- Организациска единица за јавни набавки – Одделение за јавни набавки |


Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| - До 5.000 евра во денарска противвредност за работи и<br><br>- До 10.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги. | - Барање за реализација на набавка под праговите утврдени во член 40 став 1 од ЗЈН | Одговорно лице (Директор) |

- Правни акти (законски и подзаконски акти) кои го уредуваат процесот на спроведување на набавки под вредносните прагови утврдени во член 40 од ЗЈН

  - Закон за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19 и „Службен весник на РМ“ бр.87/21);
  - други подзаконски акти и интерни акти донесени во Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите.

**Изработил:**
Марина Трајковска
Раководител на одделение за јавни набавки

**Директор**
**Управа за извршувње на санкциите**

**Марјан Спасовски**

**Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите**

**До: Сектор за финансиски прашања и Одделение за јавни набавки**

**ПРЕДМЕТ:** Барање за набавка

1. Организациската единица ______________________________________________

   во _________________________________________ има потреба од набавка на:

   _______________________________________________________________________

   (се наведува видот/описот на предметот и потребната количина)

2. Набавката (е од итен карактер)/(не е од итен карактер), односно, треба да се реализира во месец ___________ /___________ година.

3. Образложение на потребата:

   _______________________________________________________________________

4. Проценета вредност на набавката без ДДВ изнесува _________________ денари, односно _________________ денари со пресметан ДДВ.

............................................ година

Барател:

............................................

**Согласен:** Сектор за финансиски прашања потврдува дека **има/нема** слободен износ на средства за реализација на Барањето за набавка доставено од Организациската единица ______________________________ со архивски бр. ____________, во месецот на бараната реализација.

............................................ година

Раководител на сектор за финансиски прашања

............................................

**Согласен:** Одделението за јавни набавки потврдува дека **се исполнети/не се исполнети** условите за спроведување на ваков вид на набавки под вредносни прагови од член 40 став 1 од ЗЈН во однос на Барањето за набавка доставено од Организациската единица ______________________________ со архивски бр. ____________, во месецот на бараната реализација.

............................................ година

Раководител на одделение за јавни набавки

............................................


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk

**Министерство за правда, Управа за извршување на санкциите**

**До: Директорот на Управата за извршување на санкциите**

**ПРЕДМЕТ:** Барање за реализација на набавка

Врз основа на потврдата на Организациската единица ја јавни набавки - Одделението за јавни набавки дека **се исполнети/не се исполнети** условите за спроведување на ваков вид на набавки под вредносни прагови од член 40 став 1 од ЗЈН и Организациската единица за финансиски работи - Сектор за финансиски прашања за **постоење/непостоење** на слободен износ на средства за реализација на Барањето за набавка доставено од Организациската единица ______________________________ со архивски бр. _____________, истото **го одобрувам/не го одобрувам**.

**ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**
Марјан Спасовски


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk